1830 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 22 февруари 1980
БЕЛГРАД
БРОЈ 9 ГОД. XXXVI

Цена на овој број е 36 динари. — Претплатата за 1980 година изнесува 800 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**126.**

Врз основа на член 20 од Законот за паричниот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), во врска со одредбите на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/76), а во согласност со Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 во 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/79) и одредбите на Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/79), на предлог од Народната банка на Југославија, врз основа на согласност на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ЕМИСИОНА И ПАРИЧНА ПОЛИТИКА И НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1980 ГОДИНА

1. Заради остварување на целите и задачите утврдени со Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година, со оваа одлука се утврдуваат поблиските рамки и задачи на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година, што се однесуваат на регулирањето на количината на пари во оптек и на обемот на банкарските кредити, како и на основните правци на остварувањето на заедничката селективна кредитна политика.

2. Емисијата на примарните пари во 1980 година (во натамошниот текст: примарна емисија) се утврдува во вкупен износ од 34.200,000.000 динари, од што 9.900,000.000 динари за извршување на обврските утврдени со законот и 24.300,000.000 динари за монетизација на хартиите од вредност и за учество во кредитирањето на приоритетните селективни намени.

Примарната емисија за извршување на законските обврски од став 1 на оваа точка во износ од 9.900,000.000 динари ќе се користи за следните обврски, и тоа:

| | Динари |
|---|---|
| 1) За покритие на дефицитот на Буџетот на федерацијата врз основа на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/79) | 9.200,000.000 |
| 2) За кредитирање на стопанството на територијата на Социјалистичка Автономна Покраина Косово, во согласност со посебен сојузен закон | 400,000.000 |
| 3) За отстранување на последиците од елементарни непогоди — неискористен износ на одобрените кредити, во согласност со посебен сојузен закон | 200,000.000 |
| 4) Врз основа на склучените договори за кредитите од средствата на динарската противвредност на странските кредити — неискористен износ на одобрените кредити | 100,000.000 |

Народната банка на Југославија ќе води сметка примарната емисија за законските обврски од став 2 на оваа точка да се користи што порамномерно и во согласност со динамиката на порастот на вкупната примарна емисија.

Примарната емисија не може да се користи за финансирање на инвестиции и други долгорочни потреби, како ни за финансирање на конечната потрошувачка, освен за намените од став 2 на оваа точка.

3. Примарната емисија наменета за монетизација на хартиите од вредност и за учество во кредитирањето на приоритетните селективни намени ќе се користи во рамките на износот од точка 2 став 1 на оваа одлука, и тоа:

1) за купување на краткорочни преносливи хартии од вредност што ги издаваат организациите на здружен труд од областа на стопанството врз основа на своите стоковно-парични и кредитни работи;

2) за давање краткорочни кредити врз подлога на хартиите од вредност од одредбата под 1 на овој став;

3) за давање краткорочни кредити врз основа на странски хартии од вредност што ги имаат организациите на здружен труд.

4) за учество во селективното кредитирање на приоритетните намени утврдени со Општествениот план на Југославија за периодот од 1975 до 1980 година и со договорите за основите на тој план, како и за учество во кредитирањето на залихите на јаглен кај термоелектраните и другите големи потрошувачи во стопанството и кај трговијата во поголемите потрошувачки центри.

Народната банка на Југославија ќе ја пропише височината и условите за купување на хартии од вредност и за давање кредити од став 1 на оваа точка, водејќи сметка вкупниот обем на примарната емисија по тие основи да се движи во согласност со потребите на регулирањето на обемот на паричната маса во смисла на точка 1 од оваа одлука, со тоа што, по правило, постојните услови за користење на примарната емисија да не се прошируваат, за да може на тој начин да се зголеми учеството на кредитниот потенцијал на банките во финансирањето на тие намени.

4. Народната банка на Југославија во 1980 година, врз основа на исправите што произлегуваат од стоковно-паричните работи на организациите на здружен труд, ќе обезбеди дел на примарната

емисија како учество за краткорочно кредитирање на следните селективни намени, и тоа:

1) на извозот на стоки и услуги со кој се обезбедува девизен прилив, вклучувајќи го и производството и подготвувањето на стоките за извоз, како и подготвувањето на туристичките и угостителските организации на здружен труд за вршење услуги на странски туристи;

2) на општествено организираното производство и на залихите на земјоделски и прехранбени производи, во согласност со чл. 55 и 56 од Договорот за основите на Општествениот план на Југославија за развој на агроиндустрискиот комплекс во периодот од 1976 до 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/77);

3) на увозот на основните суровини и други производи од земјите во развој и од други земји на определени валутни подрачја, според списокот на производите, и земјите што ќе ги утврди Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во согласност со политиката и можностите на платниот биланс на Југославија и со другите задачи на заедничката девизна политика за 1980 година;

4) на извозот на опрема и бродови на кредит и на изведувањето на инвестициони работи во странство на кредит;

5) на продажбата, односно купувањето на домашна опрема и бродови на кредит во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

6) на залихите на метали и други договорени стоки наменети за извоз, за кои Сојузниот извршен совет, во договор со надлежните републички и покраински органи, ќе утврди дека настанала стопанска декунјунктура на светскиот пазар;

7) на пазарните стоковни резерви на федерацијата, на републиките и на автономните покраини од домашното производство утврдени со програмата на надлежните органи, а во согласност со член 56 од Договорот за основите на Општествениот план на Југославија за развој на агроиндустрискиот комплекс во периодот од 1976 до 1980 година;

8) на залихите на јаглен кај термоелектраните и кај другите големи потрошувачи во стопанството и кај трговијата во поголемите потрошувачки центри.

Кредитите за залихи на метали и други договорени стоки наменети за извоз од одредбата под 6 став 1 на оваа точка ќе се користат до 30 април 1980 година, под условите што за тие кредити важеле во 1979 година.

Кредитите за залихи на метали и други договорени стоки наменети за извоз од одредбата под 6 став 1 на оваа точка ќе се користат и по 30 април 1980 година, доколку Сојузниот извршен совет до 30 април 1980 година ќе ги определи критериумите за настапување на привремена деконјунктура на светскиот пазар.

5. Народната банка на Југославија, преку Здружението на банките на Југославија, ќе поведе иницијатива и ќе подготви документација потребна за склучување на самоуправна спогодба на банките за спроведување на селективната кредитна политика.

6. Банките со своите акти за деловната политика ќе обезбедат основните текови на зголемувањето на паричната маса да бидат:

1) купувањето на преносливи краткорочни хартии од вредност што ги издаваат организациите на здружен труд врз основа на своите стоковно-парични работи;

2) одобрувањето на краткорочни кредити на организациите на здружен труд врз подлога на хартиите од вредност од одредбата под 1 на овој став и врз подлога на странски хартии од вредност, што ги имаат тие организации;

3) одобрувањето на краткорочни кредити на организациите на здружен труд врз основа на определени исправи што се однесуваат на нивните стоковно-парични работи;

4) купувањето на странски средства за плаќање од организациите на здружен труд и од други учесници во паричните односи, во согласност со заедничката девизна политика за 1980 година.

При купувањето на хартии од вредност и одобрувањето на кредити врз подлога на тие хартии, банките ќе им даваат предност на хартиите од вредност што претходно се користени како средство за плаќање во стоковно-паричните работи на организациите на здружен труд.

Народната банка на Југославија, во соработка со Здружението на банките на Југославија, ќе поведе иницијатива и ќе настојува банките со својата деловна политика да обезбедат основните текови на зголемувањето на паричната маса во 1980 година да бидат насочени во правците предвидени во став 1 од оваа точка.

7. Народната банка на Југославија може во 1980 година да ги пропише стапките на задолжителната резерва во рамките на следните максимални стапки, и тоа:

21% — на депозити по видување;

2% — на депозити и на други средства за станбена изградба;

2% — на орочени депозити со отказен рок подолг од една година.

Задолжителната резерва нема да се пресметува на средствата на граѓаните, како ни на други средства на банките на кои таа резерва не се пресметувала во 1979 година.

Задолжителната резерва ќе се користи во 1980 година за регулирање на количината на пари во оптек. По исклучок, со привремени, краткотрајни промени на стапките на задолжителната резерва ќе се дејствува и врз надминувањето на повремените краткотрајни осцилации во ликвидноста на банките.

8. Средствата на републиките, на автономните покраини и на општините, депонирани кај народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, можат во 1980 година да се пласираат во согласност со мерките на кредитната политика на републиките и автономните покраини, со тоа што тие пласмани да се движат во границите на расположивите средства.

9. Со диференцирање на стапките на активната камата на Народната банка на Југославија ќе се обезбедат поповолни каматни стапки за купување на хартии од вредност и за давање кредити од точка 4 на оваа одлука, а поголеми каматни стапки за давање кредити на банките за одржување на нивната ликвидност.

Во согласност со диференцирањето на стапките на активната камата, во смисла на став 1 од оваа точка, ќе се утврдат и соодветни стапки на пасивната камата на Народната банка на Југославија.

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 60
31 јануари 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

## 127.

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за привремена забрана на користење општествени средства за финансирање на изградбата на нови електрани, топлани и енергани на течни горива („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/79), во договор со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРАНИТЕ, ТОПЛАНИТЕ И ЕНЕРГАНИТЕ НА ТЕЧНИ ГОРИВА НА КОИ НЕ СЕ ОДНЕСУВА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА КОРИСТЕЊЕ ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА НОВИ ЕЛЕКТРАНИ, ТОПЛАНИ И ЕНЕРГАНИ НА ТЕЧНИ ГОРИВА

1. Електраните, топланите и енерганите на течни горива на кои не се однесува одредбата на член 3 став 1 од Законот за привремена забрана на користење општествени средства за финансирање на изградбата на нови електрани, топлани и енергани на течни горива, а што се опфатени со обемот на капацитетите и по републики и по автономни покраини. во договорите од член 3 на овој закон се, и тоа:

| Назив на термоелектрана-топлана | Инсталирана сила во MW |
|---|---|
| 1) Загреб II | 150 |
| 2) Риека | 45 |
| 3) Нови Сад I фаза | 135 |
| 4) Нови Сад II фаза | 100 |
| 5) Панчево | 135 |
| 6) Зрењанин | 135 |
| Вкупно | 700 |

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 59
14 февруари 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип, с. р.**

## 128.

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИТЕ ЦЕНИ ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИЊА

1. Организациите на здружен труд што произведуваат вештачки ѓубриња можат своите продажни цени за азотни ѓубриња да ги формираат така што да изнесуваат најмногу 9.400 динари за еден килограм активна (хранлива) материја на азот (N).

2. Организациите на здружен труд што произведуваат вештачки ѓубриња можат своите продажни цени за фосфорните ѓубриња во прав да ги формираат така што да изнесуват најмногу 9.460 динари за еден килограм активна (хранлива) материја на фосфор ($P_2O_5$), растворлива во лимонска киселина.

3. Организациите на здружен труд што произведуваат мешани и комплексни ѓубриња можат своите продажни цени за тие ѓубриња да ги формираат калкулативно, така што да можат да засметаат, и тоа:

1) за еден килограм хранлива материја на азот во тие ѓубриња — до 9.400 динари;

2) за еден килограм хранлива материја на калиум ($K_2O$) во тие ѓубриња — до 2.950 динари;

3) за еден килограм активна материја на фосфор ($P_2O_5$) во тие ѓубриња, ако е растворил во вода до 10.800 динари, а ако е растворлив во лимонска киселина — до 9.460 динари.

4. За трошоците на преработката и гранулирањето, организациите на здружен труд што произведуваат мешани и комплексни ѓубриња можат да засметаат за мешани и за одделни фосфорни ѓубриња до 353 динари за еден тон, а за комплексни ѓубриња — до 640 динари за еден тон.

5. Цените за нерастворливите фосфорни ѓубриња микрофос (фин фосфат), со 28% вкупен $P_2O_5$, ќе се формираат до нивото на цените за суперфосфат со 17% $P_2O_5$. Цената на нерастворливиот $P_2O_5$ во мешани ѓубриња произведени врз база на микрофос (фин фосфат) може да изнесува најмногу 5.670 динари за еден килограм $P_2O_5$.

6. Цените формирани на начинот предвиден во точ. 1 до 5 од оваа одлука ќе се зголемуваат во сезонските месеци на потрошувачката на ѓубриња најмногу до 50 динари за еден тон ѓубриња, а ќе се намалуваат во несезонските месеци на потрошувачката на ѓубриња најмалку за 50 динари за еден тон ѓубриња.

Во текот на една календарска година може да има најмногу шест сезонски месеци.

Производителите се должни во своите јавно објавени ценовници да ги утврдат сезонските и несезонските месеци и цените по одделните месеци.

7. Цените за ѓубриња врз база на калиум-сулфат, калиум-магнезиум-сулфат, како и со микроелементи и пестициди, се формираат, и тоа:

— за основните хранливи материи — според точ. 1 до 6 на оваа одлука;

— за материите од оваа точка — според вистинската набавна цена.

8. Цените формирани на начинот предвиден во точ. од 1 до 7 на оваа одлука, се подразбираат франко натоварено во вагон, односно во камион во фабриката или франко натоварено во шлеп во речното пристаниште на фабриката, вклучувајќи ги трошоците на пакувањето и амбалажата.

9. Организациите на здружен труд што произведуваат минерални додатоци за добиточна храна врз база на калциум-фосфат можат постојните продажни цени за тие производи, при задржување на постојните услови на продажбата, да ги зголемат така што цената за единица активна материја на фосфор (P) може да изнесува најмногу 473 динари за еден тон на финален производ.

10. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на максималните цени за вештачки ѓубриња и пестициди („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/73, 12/74, 30/74, 39/74, 25/75, 39/75, 29/77, 55/78 и 15/79).

11. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 61
14 февруари 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип, с. р.**

**129.**

Врз основа на член 31 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИТЕ ЦЕНИ ЗА ШЕЌЕР И МЕЛАСА

1. Производителските организации на здружен труд можат своите продажни цени за шеќер и меласа да ги формираат така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) шеќер во кристал | 12,00 |
| 2) шеќер во коцки: | |
| а) пакувано во тврда амбалажа, нето 1 kg | 13,30 |
| б) други пакувања, нето 1 kg | 12,65 |
| 3) меласа | 1,20 |

2. Цените за шеќерот од точка 1 под 1 и 2 на оваа одлука се подразбираат како продажни цени на производителот, франко натоварено во вагон, брод или шлеп на најблиската натоварна станица на производителот или франко натоварено во фабрика, вклучувајќи ги и трошоците на пакувањето и амбалажата.

По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка производителските и другите организации на здружен труд можат за шеќерот во кристал на име посебни трошоци на индустриски начин извршеното меко пакување во хартиени ќесиња и сл. од 1 или 2 kg (ситно пакување) да засметаат уште до 0,70 динари за еден килограм шеќер.

3. Цените од точка 1 под 3 на оваа одлука за меласа, се подразибраат франко натоварено во вагон, брод или шлеп на најблиската натоварна станица на производителот и важат за квалитетот на содржина на шеќер 46% што е предвиден во југословенскиот стандард — Меласа — JUS E.L3.020 што е донесен со Решението за југословенските стандарди за земјоделски и индустриски производи што главно служат како добиточна храна и за методите на испитувањето на добиточна храна („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/63).

За секој цел процент на содржина на шеќер определен со полариметар над 46% цената се зголемува за 0,026 динари за еден килограм.

4. За шеќер во кристал и во коцки ситно пакување до 30 грама и за други видови шеќер (во прав и др.) производителските организации на здружен труд можат своите продажни цени да ги формираат според условите на пазарот.

5. Организациите на здружен труд (во натамошниот текст: организациите) и имателите на дуќани во сопственост на граѓани (во натамошниот текст: имателите на дуќани) можат своите постојни продажни цени за шеќер во кристал и за шеќер во коцки на залихи, да ги зголемат до еден динар за килограм.

6. Организациите, освен производителите на шеќер, и имателите на дуќани ќе извршат попис на сите количества на залихи на производите од точка 1 одредби под 1 и 2 на оваа одлука затечени на 21 февруари 1980 година, како и на сите количества на тие производи што до тој ден им се фактурирани на организациите и на имателите на дуќани од добавувачите (стоки на пат).

Надлежните органи на републиките и надлежните органи на автономните покраини ќе го пропишат начинот на кој организациите и имателите на дуќани ќе ја уплатат разликата во цената.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 63
21 февруари 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

---

**130.**

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН НОВА ГОРИЦА 1 ЗА ПОГРАНИЧЕН ДРУМСКИ СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница спрема Република Италија се определува постојан граничен премин Нова Горица 1 за пограничен друмски сообраќај.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 62
14 февруари 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

---

**131.**

Врз основа на член 8 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплатување на дневници за службени патувања, надомести за трошоците за превоз на службени патувања, издатоци за репрезентација, издатоци за реклама и пропаганда, издатоци за авторски хонорари, издатоци за интелектуални услуги и издатоци по основа на договор за дело, во 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/80), сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА УТВРДУВАЊЕ И ИСКАЖУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ ДО КОЈ МОЖАТ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И ДРУГИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ДА РАСПОЛАГААТ СО ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ВО 1980 ГОДИНА ЗА ИСПЛАТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ИЗДАТОЦИ

Член 1

Организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства го утврдуваат и искажуваат износот до кој можат да располагаат со општествени средства во 1980 година за исплатување на дневници за службени патувања, надомести за трошоците за превоз на службено патување, издатоци за репрезентација, издатоци за реклама и пропаганда, издатоци за авторски хонорари, издатоци за интелектуални услуги и издатоци по основа на договор за дело (во натамошниот текст: определени издатоци), на начинот пропишан со овој правилник.

Член 2

Организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства износот до кој можат да располагаат со општествени средства во 1980 година за исплатување на определени издатоци утврден според одредбите на чл. 2 до 7 од Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплатување на дневници за службени патувања, надомести за трошоците за превоз на службено патување, издатоци за репрезентација, издатоци за реклама и пропаганда, издатоци за авторски хонорари, издатоци за интелектуални услуги и издатоци по основа на договор за дело, во 1980 година (во натамошниот текст: Закон) го искажуваат на Образецот ОИ-Податоци за определени издатоци од 1 јануари до ———— 1980 година (во натамошниот текст: Образец ОИ), што е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Член 3

Организацијата на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства го утврдува износот до кој може да располага за исплатување на определени издатоци во 1980 година врз основа на книговодствените податоци за тие издатоци што се надоместуваат од вкупниот приход, односно од приходот и врз основа на книговодствените податоци за тие издатоци што непосредно ги товарат инвестициите и средствата на заедничката потрошувачка.

Член 4

Заради искажување на определените издатоци во 1980 година организацијата на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства за определени издатоци за кои не е пропишано посебно синтетичко конто, во своето книговодство ќе отвори посебно аналитичко конто во рамките на синтетичкото конто на кое се врши книжењето на тие издатоци.

Член 5

Во Образецот ОИ се искажуваат податоците, и тоа:

1) во колона 2 — бројот на синтетичкото, односно на аналитичкото конто на кое во книговодството во 1980 година се книжат определените издатоци;

2) во колона 4 — износот на определените издатоци утврден во завршната сметка за 1979 година. Ако организацијата на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства определените издатоци во 1979 година не ги книжел на посебни конта, износот на тие издатоци ќе се утврди врз основа на книговодствени исправи;

3) во колона 5 — износот на определените издатоци утврден за периодот на 1979 година за кој во 1980 година се составува Образецот ОИ;

4) во колона 6 — износот до кој во 1980 година може да се врши исплатување за определените издатоци, и тоа:

— под реден број 1 — износот што е утврден во согласност со член 5 став 2 од Законот;

— под реден број 2 — износот од колона 4;

— под ред. бр. 4 и 5 не се внесуваат податоци;

— под реден број 6 — износот од колона 4, по одбивањето на износот по основ на прослави и јубилеи што ги товареше тие издатоци, намален за 20%;

— под ред. бр. 7 и 8 — износот од колона 4, намален за 20%. Организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства од член 4 став 2 на Законот во колона 6 под реден број 8 го внесуваат износот што за тие издатоци ќе го утврдат во согласност со тој став;

— под реден број 9 — износот од колона 4 организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства од член 6 став 2 на Законот во колона 6 го внесуваат износот што за тие издатоци ќе го утврдат во согласност со тој став;

— под ред. бр. 10 и 11 не се внесуваат податоци;

— под реден број 12 — износот од колона 4, зголемен за 10%;

— под ред. бр. 13, 14 и 15 не се внесуваат податоци;

— под реден број 16 — износот од колона 4, зголемен за 10%. Организациите на здружен труд од член 2 став 2 на Законот во колона 6 го внесуваат износот што за тие издатоци ќе го утврдат во согласност со тој став;

5) во колона 7 — износот на определените издатоци во 1980 година искажан на соодветни конта од колона 2 на Образецот ОИ.

Член 6

Организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства што во 1979 година вршеле дејност определен број на месеци, во колона 6 на Образецот ОИ го внесуваат износот што ќе го утврдат на тој начин што износот искажан во колона 4 претходно ќе го зголемат за износот што им одговара на месеците во кои не е вршена дејноста, сразмерно на износот на тие издатоци што се извршени во месеците во кои е вршена дејност и така ќе ја утврдат основицата на тие издатоци во 1979 година.

Одредбата на став 1 од овој член не се однесува на месеците во кои не е вршена дејноста поради нејзиниот сезонски карактер.

На начинот од став 1 на овој член ќе се утврди износот што се искажува во колона 6 и во случај на статусни промени, ако статусната промена настанала во текот на 1979 година.

Ако статусната промена настанала на 31 декември 1979 година, при составувањето на завршната сметка за таа година, износот на определените издатоци утврден во завршната сметка за 1979 година ќе се распореди на организациите на здружен труд, односно на други корисници на општествени средства што во 1980 година настануваат со таа статусна промена.

На начинот од став 4 на овој член, ќе се постапи и во случај на статусни промени што ќе настанат и во 1980 година.

Член 7

Организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства во основање, организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства што ќе почнат да вршат дејност заради која се основани во 1980 година и организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства кои во 1979 година немале определени издатоци предвидени со Законот, во колона 6 на Образецот ОИ ги искажуваат износите што за определените издатоци ќе ги утврдат во согласност со член 7 од Законот.

Организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства од став 1 на овој член не ги искажуваат податоците во колоните 4 и 5 на Образецот ОИ.

Член 8

Паричните вредности во Образецот ОИ се искажуваат со полни износи (динари со пари), а другите податоци — со броеви без децимали.

Член 9

Организацијата на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства Образецот ОИ го доставува до надлежната служба на општественото книговодство со периодичната пресметка и со завршната сметка, во два примероци.

Член 10

Службата на општественото книговодство на Југославија образецот ОИ ќе го приспособи за потребите на механографската обработка.

Член 11

Организацијата на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства за претпријатие, односно погон што го основа во странство и за мешовито претпријатие во странство во кои учествува со свои средства со над 50%, го составува и доставува Образецот ОИ врз основа на податоци од посебното книговодство на начинот пропишан со овој правилник.

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-1738/1
13 февруари 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за финансии,
**Божидар Радуновиќ**, с. р.

**Образец ОИ**

Организации на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства ——————

ПОДАТОЦИ
ЗА ОПРЕДЕЛЕНИТЕ ИЗДАТОЦИ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО —————— 1980 ГОДИНА

| Реден број | Конто | Елементи | Износ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во 1979 година | | во 1980 година | |
| | | | во завршната сметка | во извештајниот период | утврден | искажан на соодветното конто |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | | Издатоци за реклама и пропаганда преку средствата за јавно информирање | | | | |
| 2 | | Други издатоци за реклама и пропаганда | | | | |
| 3 | | Вкупно (реден број 1 плус реден број 2) | | | | |
| 4 | | Издатоци за репрезентација во Југославија | | | xxxxx | |
| 5 | | Издатоци за репрезентација во странство | | | xxxxx | |
| 6 | | Вкупно (реден број 4 плус реден број 5) | | | | |
| 7 | | Издатоци за интелектуални услуги | | | | |
| 8 | | Издатоци по основ на договор за дело | | | | |
| 9 | | Издатоци за авторски хонорари | | | | |
| 10 | | Дневници за службени патувања во Југославија | | | xxxxx | |
| 11 | | Дневници за службени патувања во странство | | | xxxxx | |
| 12 | | Вкупно (реден број 10 плус реден број 11) | | | | |
| 13 | | Надомести за користење на сопствени автомобили на службено патување | | | xxxxx | |
| 14 | | Други надомести за трошоците за превоз на службено патување во Југославија | | | xxxxx | |
| 15 | | Други надомести за трошоците за превоз на службено патување во странство | | | xxxxx | |
| 16 | | Вкупно (реден бр. 13 до 15) | | | | |

Број на месеците на работењето во 1979 година ——————

Раководител на книговодството,
——————

**Раководител**
**на организацијата на здружен труд, односно на друг корисник на општествени средства,**
——————

**132.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на СФРЈ“, бр. 55/78), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ХИГИЕНСКАТА ИСПРАВНОСТ НА ВОДАТА ШТО СЛУЖИ ЗА ЈАВНО СНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО КАКО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ИЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ НАМЕНЕТИ ЗА ПРОДАЖБА

Член 1

Водата што служи за јавно снабдување на населението како вода за пиење или за производство на животни намирници наменети за продажба (во натамошниот текст: вода за пиење) во поглед на хигиенската исправност мора да им одговара на условите пропишани со овој правилник.

Член 2

Како јавно снабдување на населението со вода за пиење, во смисла на овој правилник, се смета снабдувањето на повеќе од пет домаќинства или на повеќе од 20 жители.

Член 3

Како хигиенски исправна вода за пиење, во смисла на овој правилник, се смета водата што во поглед на физичките, хемиските и микробиолошките особини им одговара на условите пропишани со овој правилник, а во поглед на радиоактивноста — водата во која присуството на радиоактивни материи не ги преминува границите утврдени со Правилникот за максимално дозволените граници на радиоактивна контаминација на човековата средина и за вршење деконтаминација („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/79).

Член 4

Водата за пиење мора да биде без миризба и вкус.

Член 5

Заматеноста на водата за пиење, што се употребува по пречистувањето не смее да биде поголема од заматеноста што би ја предизвикале 5 mg силикатна земја во еден литар дестилирана вода, а заматеноста на водата за пиење што се употребува без пречистување не смее да биде поголема од заматеноста што би ја предизвикале 10 mg силикатна земја во еден литар дестилирана вода.

Член 6

Бојата на водата за пиење што се употребува по пречистувањето не смее да преоѓа 10° од платино-кобалтната скала, а бојата на водата што се употребува без пречистување не смее да минува 20° од платино-кобалтната скала.

По исклучок, бојата на водата за пиење што содржи хумински материи не смее да минува 40° од платино-кобалтната скала.

Член 7

Вредноста на pH во водата за пиење што се зема од водоводот мора да биде во границите од 6,8 до 8,5 а вредноста на pH во водата за пиење што се зема од други објекти за снабдување со вода за пиење мора да биде во границите од 6,5 до 9,0.

Член 8

Вкупниот остаток по испарувањата во водата за пиење сушен до постојаната тежина на остатокот на температура од 105°C, не смее да биде поголем од 1000 mg/l.

Член 9

Потрошувачката на калиумов перманганат во водата за пиење што се зема од водовод не смее да биде поголема од 8 mg/l, а потрошувачката на калиумов перманганат во водата за пиење што се зема од други објекти не смее да биде поголема од 12 mg/l (сметано како $KMnO_4$).

Одредбите од став 1 на овој член не се однесуваат на водата за пиење што содржи хумински материи.

Член 10

Водата за пиење не смее да содржи хемиски супстанции над дозволените граници наведени во Листата на хемиски супстанции што е отпечатена кон овој правилник.

Член 11

Водата за пиење во еден литар не смее да содржи и тоа:

1) бактерии од видот Salmonela, Šigel и вибрио колера, ниту други патогени микроорганизми;

2) интестинални и хепатични паразити (јајца, цисти ниту вегетативни форми);

3) вибриони.

Водата за пиење во 100 ml не смее да содржи, и тоа:

1) колиформни бактерии од фекално поекло;
2) стрептококи од фекално потекло;
3) Proteus вид;
4) Pseudomonas aerugynosa;
5) бактериофаги.

Член 12

Вкупниот број на сите живи бактерии во 1 ml вода за пиење не смее да биде поголем од десет во вода за пиење што се зема од водовод, поголем од 100 во вода за пиење што се зема од затворено извориште, ниту поголем од 300 во вода за пиење што се зема од отворено извориште, на агарот по инкубација од 24 часа на температура од 37°C.

Член 13

Водата за пиење што се зема од водовод во 100 ml не смее да содржи вкупни колиформни бактерии ниту спорогени сулфиторедукувачки анаероби.

Водата за пиење што се зема од затворено извориште во 100 ml не смее да содржи повеќе од десет вкупни колиформни бактерии определени како најверојатен број или повеќе од пет вкупни колиформни бактерии определени според мембран-филтер методата, ниту повеќе од еден спороген сулфиторедукувачки анаероб.

Водата за пиење што се зема од отворено извориште во 100 ml не смее да содржи повеќе од 100 вкупни колиформни бактерии определени како најверојатен број или повеќе од десет вкупни колиформни бактерии определени според мембран-филтер метода, ниту повеќе од десет спорогени сулфиторедукувачки анаероби.

Член 14

Водата за пиење што се зема од водовод во 10 литри не смее да содржи инфективни единици на вирус, а водата што се зема од други објекти не смее да содржи во 10 литри повеќе од една инфективна единица на вирус.

Член 15

Водата за пиење во еден литар не смее да содржи алги ниту други организми што можат да го изменат изгледот, миризбата или вкусот на водата.

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3147
24 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за труд, здравство и
социјална заштита,
**Светозар Пеповски**, с. р.

ЛИСТА

НА ХЕМИСКИТЕ СУПСТАНЦИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ НАОЃААТ ВО ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

| Реден број | Назив на хемиската супстанција | Дозволено количество во mg/l вода за пиење |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1 | Амонијак вкупно како N — — | 0,1*) |
| 2 | Амонијак-слободен, органско потекло како N — — — — | 0,05 |
| 3 | Алкил-Бензол сулфонати ABS и други анјоногени тензиди — | 0,15 |
| 4 | Алуминиум како Al — — — | 0,2 |
| 5 | Арсен како As — — — — | 0,05 |
| 6 | Бариум како Ba — — — — | 1.00 |
| 7 | Бакар како Cu — — — — | 0.05 |
| 8 | Берилиум како Be — — — | 0 0002 |
| 9 | Цијанид вкупно како CN — — | 0,05 |
| 10 | Цинк како Zn — — — — | 5,00 |
| 11 | Фенолни соединенија како феноли: | |
| | — кај хлорирани води — — | 0.0001 |
| 12 | Флуориди како F — — — — | 1.00 |
| 13 | Фолсфати неоргански како P — | 3 00 |
| 14 | Железо како Fe — — — — | 0.3 |
| 15 | Слободен резидуален хлор како Cl — — — — — — — | 0.3**) |
| 16 | Хлориди како Cl — — — — | 200 000 |
| 17 | Хром шестовалентен како Cr — | 0 05 |
| 18 | Кадмиум како Cd — — — | 0 0005 |
| 19 | Калциум како Ca — — — | 200 00 |
| 20 | Магнезиум како Mg — — — | 50.00 |
| 21 | Манган како Mn — — — — | 0 05 |
| 22 | Минерални масла — — — — | 0 01 |
| 23 | Молибден како Mo — — — | 0.5 |
| 24 | Нитрати како N — — — — | 10.00 |
| 25 | Нитрити како N — — — — | 0,005 |
| 26 | Олово како Pb — — — — | 0.05 |
| 27 | Полиакриламид — — — — | 2,0 |
| 28 | Полициклични ароматични јагленоводороди — — — — | 0.0002 |
| 29 | Селен како Se — — — — | 0,01 |
| 30 | Сребро како Ag — — — — | 0,05 |
| 31 | Стронциум како SR — — — | 2.0 |
| 32 | Сулфати како $SO_4$ — — — — | 200,00 |
| 33 | Водород сулфид како $H_2S$ — | 0,05 |
| 34 | Жива како Hg — — — — | 0,001 |

*) Не се однесува на артешки и субартешки бунари.
**) Како среден месечен извадок, со тоа што максималната поединечна вредност да биде 0,5 mg/l.

## 133.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ОГНООТПОРЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 1

Во Правилникот за југословенските стандарди за огноотпорен материјал („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/80) во член 1 точка 9 по зборот: „стапови" се става точка и се додаваат зборовите: „Облик и мери".

Член 2

Овој правилник влегува во сила на 26 април 1980 година.

Бр. 31-2253/1
7 јануари 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 134.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПРЕКИНУВАЧИ ЗА НАИЗМЕНИЧНА СТРУЈА СО ВИСОК НАПОН

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за прекинувачи за наизменична струја со висок напон, кои ги имаат следните називи и ознаки:

| | |
|---|---|
| 1) Прекинувачи за наизменична струја со висок напон. Нормални и погонски услови и дефиниции — — | JUS N.K3.001 |
| 2) Прекинувачи за наизменична струја со висок напон. Номинални карактеристики — — — — — — | JUS N.K3.010 |
| 3) Прекинувачи за наизменична струја со висок напон. Конструкција и опрема — — — — — — — | JUS N.K3.020 |
| 4) Прекинувачи за наизменична струја со висок напон. Правила за избор на прекинувачи — — — — | JUS N.K3.150 |
| 5) Прекинувачи за наизменична струја со висок напон. Податоци што треба да се дадат во барањата за понуда, во понудите и порачките — — | JUS N.K3.160 |
| 6) Прекинувачи за наизменична струја со висок напон. Услови за транспорт, поставување и одржување | JUS N.K3.170 |

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Освен точ. 13, 14, 15, 16, 17, 21, 22, 23, 23.1, 23.2, 23.3, 23.4 и 23.5 од југословенскиот стандард JUS N.K3.010 и југословенските стандарди JUS N.K3.150, JUS N.K3.160 и JUS N.K3.170, чија примена не е задолжителна, југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на прекинувачите за наизменична струја со висок напон што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на шесет месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-1023/1
21 јануари 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

---

**135.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА МЕТОДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА САМОЛЕПЛИВИ ИЗОЛАЦИОНИ ЛЕНТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за методите за испитување на самолепливи изолациони ленти, кој го има следниот назив и ознака:

Самолепливи изолациони ленти за електротехнички цели. Методи за испитување — — — — — — — JUS N.A8.291

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-1021/1
21 јануари 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**136.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА МЕТОДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОЛИТИЧКА КОРОЗИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за методите за испитување на електролитичка корозија, кој го има следниот назив и ознака:

Методи за испитување на електролитичка корозија во присуство на изолациони материјали — — — — JUS N.A5.006

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-1020/1
21 јануари 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

---

**137.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА МЕТОДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА МАГНЕТСКИ ЛИМОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за методите за испитување на магнетски лимови, кој го има следниот назив и ознака:

Магнетски лимови. Испитување
Мерење на отпорноста на изолацијата JUS C.K5.032

Член 2

Југословнскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-1019/1
21 јануари 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 138.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

### ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА САМОНОСИВ КАБЕЛСКИ СНОП И РУДАРСКИ КАБЛИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за самоносив кабелски сноп и рударски кабли, кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Електроенергетика. Самоносив кабелски сноп со изолација од вмрежен полиетилен за номинален напон до 0,6 kV — — — — — — — JUS N.C5.250

2) Електроенергетика. Рударски кабли со изолација и плашт од гума, тип GN 53, GN 55 и EpN 55, за номинален напон до 0,6/1 kV — — — JUS N.C5.353

3) Електроенергетика. Рударски кабли за приклучување на преносни трансформатори, со изолација и плашт од гума, тип EpN 64 и EpN 65, за номинален напон до 3,6/6 kV — JUS N.C5.364

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на самоносивиот кабелски сноп и на рударските кабли што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-1018/1
21 јануари 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ, с. р.**

## 139.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

### ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ТЕРМОЕНЕРГЕТСКИ УРЕДИ И САДОВИ ПОД ПРИТИСОК

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за термоенергетски уреди и садови под притисок, кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Кружни дна за општа употреба. Облик и геометриски карактеристики JUS M.E0.019

2) Термоенергетски уреди и садови под притисок. Плитки дна. Облик и мери — — — — — — — — JUS M.E0.020

3) Термоенергетски уреди и садови под притисок. Длабоки дна. Облик и мери — — — — — — — — JUS M.E0.021

4) Рамни дна. Облик и мери — JUS M.E0.022

5) Стабилни садови под притисок. Отвори и затворачи. Видови, мери и положба — — — — — — — JUS M.E0.040

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на термоенергетските уреди и садовите под притисок што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Решението за југословенските стандарди за термоенергетски уреди и садови под притисок („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-1017/1
21 јануари 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ, с. р.**

**140.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА МЕТОДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА УРЕДИ ЗА ГРЕЕЊЕ И ПРОВЕТРУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за методите за испитување на уреди за греење и проветрување, кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Изменувачи на топлина. Основи за определување на топлотниот биланс на примарните кола напојувани со вода или пара. Принципи и услови за испитување — — — — JUS M.E5.100

2) Уреди за греење и проветрување. Радијатори, конвектори и слични апарати. Определување на топлотната сила. Методи за испитување во затворена комора со ладење со течност — — — — — — — — — JUS M.E6.080

3) Уреди за греење и проветрување. Радијатори, конвектори и слични апарати. Определување на топлотната сила. Методи за испитување во затворена комора со ладење со воздух — JUS M.E6.081

4) Уреди за греење и проветрување. Радијатори, конвектори и слични апарати. Пресметка на топлотната сила и изразување на резултатите — JUS M.E6.082

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард кој го има следниот назив и ознака:

Топлотна техника во високоградбата. Испитување на грејни тела — JUS U.J5.110 донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на градежништвото („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/75).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-1016/1
21 јануари 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ, с. р.**

**141.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА РЕЗЕРВОАРИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА НАФТАТА И НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за резервоари за складирање на нафтата и нафтените деривати, кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Складирање на нафтата и нафтените деривати. Хоризонтални челични резервоари, вкопани — — JUS M.Z3.010

2) Складирање на нафтата и нафтените деривати. Хоризонтални челични резервоари со двојни ѕидови, вкопани — — — — — — — — JUS M.Z3.014

3) Складирање на нафтата и нафтените деривати. Хоризонтални челични резервоари, надземни — — JUS M.Z3.022

4) Складирање на нафтата и нафтените деривати. Хоризонтални челични резервоари, полувкопани — JUS M.Z3.026

5) Складирање на нафтата и нафтените деривати. Вертикални челични резервоари, надземни — — — JUS M.Z3.030

6) Складирање на нафтата и нафтените деривати. Вертикални челични резервоари, полувкопани — — — JUS M.Z3.034

7) Складирање на нафтата и нафтените деривати. Вертикални челични резервоари, надземни, со зафатнина до 1000 литри — — — — — — JUS M.Z3.038

8) Складирање на нафтата и нафтените деривати. Хоризонтални челични резервоари, надземни, со зафатнина до 3500 литри — — — — JUS M.Z3.042

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на резервоарите за складирање на нафтата и нафтените деривати што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-1015/1
21 јануари 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ, с. р.**

**142.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ЛЕЖИШТА И ЗГЛОБОВИ КАЈ НОСЕЧКИТЕ ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за лежишта и зглобови кај носечките челични конструкции, кој го има следниот назив и ознака:

Лежишта и зглобови кај носечките челични конструкции — — — JUS U.E7.131

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на лежиштата и зглобовите кај носечките челични конструкции што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за техничките прописи за лежишта и зглобови кај носечките челични конструкции („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/64).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-1013/1
21 јануари 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**143.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА НОСЕЧКИ ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за носечки челични конструкции, кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Стабилност на носечките челични конструкции. Центрично притиснати стапови со константен еднodелен пресек — — — — — — JUS U.E7.081

2) Стабилност на носечките челични конструкции. Должини на извиткување на стаповите — — — JUS U.E7.086

3) Стабилност на носечките челични конструкции. Центрично притиснати стапови со константен повеќеделен пресек — — — — — — JUS U.E7.091

4) Стабилност на носечките челични конструкции. Екцентрично притиснати стапови — — — JUS U.E7.096

5) Стабилност на носечките челични конструкции. Бочно извиткување на носачите — — — — — JUS U.E7.101

6) Стабилност на носечките челични конструкции. Притиснати стапови со еластични попречни потпори JUS U.E7.106

7) Стабилност на носечките челични конструкции. Стабилност на рамковните носачи — — — — — JUS U.E7.111

8) Стабилност на носечките челични конструкции. Стабилност на лачните носачи — — — — — — JUS U.E7.116

9) Стабилност на носечките челични конструкции. Избочување — JUS U.E7.121

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на носечките челични конструкции што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за техничките прописи за стабилноста на носечките челични конструкции („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/64).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-1014/1
21 јануари 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**144.**

Врз основа на член 40 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ ЗА МОСТОВИ НА ДРУМСКИ ВАГИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат техничките нормативи за проектирање и изведување на мостови на друмски ваги, заради обезбедување на метролошките особини и сигурноста на мерењето на друмски возила во сообраќајот на патиштата.

Член 2

Под технички нормативи во смисла на овој правилник се подразбираат максималната можност на мерење и должината и широчината на мостот на вагата.

Член 3

Под максимална можност на мерење, во смисла на овој правилник, се подразбира можноста на мерење на возилото, чија маса не ја надминува таа вредност.

Член 4

Должината на мостот на вагата зависи од должината на возилото и од максималната можност на мерењето и изнесува:

| Максимална можност на мерење во kg | Должина на мостот на вагата во метри |
|---|---|
| 10.000 | 5,5 |
| 20.000 | 7 или 8 |
| 30.000 | 9 или 10 |
| 40.000 | 16 |
| 50.000 | 16 или 18 |

Мостовите на вагата со должина од 16 и 18 метри можат да се изработуваат од два дела.

Член 5

Широчината на мостот на вагата зависи од широчината на возилото и мора да биде 3 метри, а за вагата со максимална можност на мерење од 10.000 килограми се допушта и широчина на мостот од 2,5 метри.

Член 6

Во техничката документација мора да се назначат максималната можност на мерењето и должината и широчината на мостот на вагата, согласно на одредбите од овој правилник (на пример: друмска вага, 50.000 kg, 18×3 m).

Член 7

Одредбите на овој правилник не се однесуваат на мостовите на комбинирани друмско-шински ваги.

Член 8

Производителите на ваги се должни, веднаш по влегувањето во сила на овој правилник, да му ги пријават на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали сите ваги што се наоѓаат во изградба.

Пријавата мора да содржи податоци за максималната можност на мерењето и за должината и широчината на мостот, со назначување на местото на поставувањето на вагата.

Член 9

Овој правилник нема да се применува на мостовите за друмски ваги чија изградба е започната пред денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0202-1113
26 декември 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
мери и скапоцени
метали,
**Милисав Војичиќ, с. р.**

**145.**

Врз основа на чл. 16, 19 до 25 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), во согласност со одредбите на Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/80), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА МЕРКИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНЕТАРНО-КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1980 ГОДИНА

I. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

1. Народната банка на Југославија, заради регулирање на количеството на пари во оптек, со оваа одлука ги утврдува условите на користењето на примарната емисија за намените определени со Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година, и тоа:

1) за купување, преку банките, на преносливи краткорочни хартии од вредност и за давање краткорочни кредити на банките врз подлога на тие хартии од вредност и врз подлога на странски хартии од вредност што ги имаат организациите на здружен труд;

2) за давање краткорочни кредити на банките врз подлога на хартии од вредност што ги издаваат организациите на здружен труд врз основа на стоковно-паричните работи во рамките на определени селективни намени, како и врз основа на други определени исправи што произлегуваат од тие работи.

Во рамките на кредитите од став 1 под 2 на оваа точка ќе и се даваат кредити и на Југословенската банка за меѓународна економска соработка (во натамошниот текст: Југословенската банка).

2. Обемот на примарната емисија за намените од точка 1 на оваа одлука го утврдува Народната банка на Југославија со тримесечни проекции, во рамките во кои се овозможува ликвидност на плаќањата во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во согласност со потребите што произлегуваат од стоковно-паричните и кредитните работи на организациите на здружен труд и на другите учесници во паричните односи и со движењето и насочувањето на стопанските текови во земјата и на економските односи со странство.

3. Хартиите од вредност од точка 1 став 1 на оваа одлука ги купува и кредити од тој став на банките им дава народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина (во натамошниот текст: народната банка) на чие подрачје се наоѓа седиштето на организациите на здружен труд од кои банките ги купиле тие хартии од вредност, односно на кои банките им дале соодветни кредити.

Кредити на Југословенската банка за намените од точка 1 став 2 на оваа одлука, ќе и дава народната банка на чие подрачје се наоѓаат седиштата на организациите на здружен труд на кои, за тие намени, Југословенската банка, преку банките, им дава соодветни кредити.

4. Народната банка ќе купува хартии од вредност и ќе им дава кредити според оваа одлука на банките кои:

1) ги исполнуваат пропишаните услови за кредитна способност;

2) средствата добиени од примарната емисија им ги даваат на организациите на здружен труд што

Вкупниот обем на кредитите од став 1 на оваа точка на територијата на една република, односно автономна покраина, може да биде поголем од 15% од состојбата на кредитите наведени во тој став за износот за кој тој обем е намален на територијите на другите републики и автономни покраини, во согласност со народните банки на тие републики, односно автономни покраини.

Кредитите за намените од став 1 на оваа точка банките можат да ги користат само врз основа на кредитите дадени на организациите на здружен труд во областа на производството, односно на организациите на здружен труд од областа на туризмот и угостителството, и тоа врз основа на договори со странските порачувачи, пријави за склучените договори, за надворешнотрговскиот промет заверени од народната банка, или други исправи со кои се докажува дека кредитираното производство, односно подготвување на стоки за извоз и подготвување услуги на странски туристи ќе се реализира со извозот на стоки, односно со вршењето услуги на странски туристи.

Рокот за враќање на кредитите од оваа точка може да се определи до вкупно 6 месеци, ако технолошкиот процес на производството односно подготвување трае повеќе од 3 месеци.

20. Кредитите за кредитирање на производството и подготвувањето на стоки за извоз по договорените работи што ги финансира меѓународната финансиска организација и што се наплатуваат во готово (точка 14 под 6), банките можат да ги користат до височина од 50% од состојбата на кредитите што за тие намени им ги дале на организациите на здружен труд врз основа на договори со странскиот купувач и докази дека договорената работа ја финансира меѓународна финансиска организација, под услов рокот за враќање на дадените кредити да не е подолг од две години и наплатата на извозот да се врши во девизи што се од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања.

21. Кредитите за кредитирање на побарувањата од Меѓународната банка за обнова и развој по основ на извршени и платени работи и вградена опрема по инвестиционите програми во Социјалистичка Федеративна Република Југославија што делумно се финансираат од средствата на Меѓународната банка за обнова и развој (точка 14 под 7), банките можат да ги користат до височина од 50% од износот на кредитите што им ги дале на организациите на здружен труд — инвеститори,и тоа врз основа на соодветни исправи, со кои се докажува дека работите и опремата се платени и дека работата ја финансира Меѓународната банка за обнова и развој, а под услов рокот за враќање на кредитите да не е подолг од 3 месеци, почнувајќи од денот на користењето на кредитите кај народната банка.

22. Кредитите за кредитирање на залихите на метали и на други договорени стоки наменети за извоз, за кои Сојузниот извршен совет, врз основа на точка 4 одредба под 6 на Одлуката, ќе утврди дека настанала привремена деконјунктура на светскиот пазар (точка 14 под 8), банките можат да ги користат до височина од 30% од износот на кредитите што за тие намени им ги дале на организациите на здружен труд.

Кредитите од став 1 на оваа точка банките можат да ги користат само до 30 април 1980 година, и тоа под условите што важеа во 1979 година.

Кредитите од оваа точка банките можат да ги користат и по 30 април 1980 година, доколку Сојузниот извршен совет до тој рок ќе ги определи критериумите за настанувањето на привремена деконјунктура на светскиот пазар.

23. Народната банка на Југославија определува кои девизи се сметаат за девизи од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања за намените предвидени со оваа одлука за кои давањето на кредити од примарната емисија е условено со внесувањето на тие девизи во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

**Кредити за кредитирање на општествено организираното производство и на залихите на определени земјоделски и прехранбени производи**

24. Кредитите за кредитирање на општествено организираното производство и на залихите на земјоделски производи (точка 13 под 2) банките можат да ги користат, и тоа:

1) за кредитирање на производството на пченица, оризова арпа, пченка, шеќерна репка, маслодајни култури и тутун;

2) за кредитирање на гоењето на добиток (говеда, свињи и овци), живина и риби и на производството на млеко;

3) за кредитирање на сезонските залихи на домашна пченица, оризова арпа, односно ориз, пченка, маслодајни култури, домашно сурово масло, шеќерна репка, шеќер и тутун;

4) за кредитирање на сезонските залихи на трпезно грозје и јаболка во ладилниците, залихите на вино во винарските визби во општествениот сектор, залихите на месо во ладилниците и залихите на млечни преработки од општественото производство.

25. Кредитите за кредитирање на општествено организираното производство на пченка (меркантилна и семенска), оризова арпа, сончоглед, соја, маслодајна репка, маслинки, шеќерна репка и тутун (точка 24 под 1), банките можат да ги користат до височина од 45%, а за производство на пченица (меркантилна и семенска) до височина од 50% од состојбата на кредитите што за тоа производство им ги дале на организациите на здружен труд врз основа на самоуправна спогодба, односно на договори за производство и испорака склучени со организациите на здружен труд што се занимаваат со преработка или доработка на тие производи, а најмногу до височина од 25% од вредноста на договореното производство.

Рокозите за враќање на кредитите од став 1 на оваа точка не можат да бидат подолги од 12 месеци, почнувајќи од денот на почетокот на нивното користење, и не можат да преминуваат: за маслодајна репка 31 јули, за сончоглед и соја 31 октомври, за маслинки 31 декември, за оризова арпа 30 ноември, за пченка 15 декември и за шеќерна репка 31 декември 1980 година, за тутун 31 март 1981 година, а за пченица од родот на 1979/1980 година 15 август 1980 година, а од родот на 1980/1981 година — 15 август 1981 година.

Кредитите за кредитирање на производството на семенска пченица и семенска пченка банките можат да ги користат кај народната банка врз основа на самоуправна спогодба, односно на договори за производство и испорака склучени помеѓу производителските организации на здружен труд и организациите на здружен труд што се занимаваат со преработка, односно со доработка и промет на тие производи, а под услов договорите да се регистрирани кај Фондот за стимулирање на извозот на жито и на преработки од жито.

Кредити од оваа точка банките можат да им даваат на организациите на здружен труд, како за нивното сопствено производство на определени земјоделски производи така и за производството на

здружени земјоделски производители и производството во кооперација со индивидуални производители во согласност со законот.

26. Кредитите за кредитирање на гоењето на добиток (говеда, свињи и овци), гоењето на живина (пилиња, гуски, пајки и ќурки), гоењето на риби и производството на млеко (точка 24 под 2), банките можат да ги користат до височина од 25% од состојбата на кредитите што за тие намени им ги даде на организациите на здружен труд, а најмногу до 25% од вредноста на договореното производство.

Роковите за враќање на кредитите од став 1 од оваа точка ,сметајќи од денот на почетокот на нивното користење, не можат да бидат подолги од 11 месеци — за гоење на говеда, 6 месеци — за гоење на свињи и овци, 3 месеци — за гоење на живина, 6 месеци — за гоење на риби и 1 месец — за производство на млеко.

Кредитите за кредитирање на гоењето на добиток, живина и риби и кредитите за производство на млеко банките можат да ги користат кај народната банка врз основа на самоуправни спогодби, односно договори за производство и испорака склучени помеѓу производителските организации на здружен труд и организациите на здружен труд што се занимаваат со преработка и промет на тие производи, а под услов договорите да се регистрирани кај Фондот за унапредување на производството и пласманот на добитокот и на добиточните производи.

Одредбата на точка 25 став 4 на оваа одлука важи и за кредитите од оваа точка.

27. Кредитите за кредитирање на сезонските залихи на оризова арпа, односно ориз, пченка, маслодајни култури (сончоглед, соја, репка, маслинки и семки од тикви) и домашно сурово масло, шеќерна репка, шеќер и тутун (точка 24 под 3) банките можат да ги користат до височина од 45%, а за кредитирање на сезонските залихи на домашна пченица до височина од 55% од состојбата на кредитите што за тие залихи им ги даде на организациите на здружен труд што се занимаваат со преработка, односно со доработка и промет на тие производи.

Кредитите од став 1 на оваа точка банката може да ги корист под услов со договорот за кредит со организациите на здружен труд да е предвидено враќањето на кредитите во месечни отплати, во согласност со потрошокот или реализацијата на залихите, и роковите за враќање на кредитите, почнувајќи од денот на почетокот на користењето на кредитот, односно за залихите на тутун — од денот на почетокот на користењето на секоја транша на кредитот, да не се подолги, и тоа:

1) од 12 месеци — за залихите на пченица, оризова арпа, односно ориз, пченка, маслодајни култури, односно домашно сурово масло и шеќерна репка и шеќер и да не преминуваат: за пченица 31 јули, за оризова арпа — ориз 31 октомври, за пченка наменета за производство на добиточна храна 31 октомври, а за извоз и за индустриска преработка 31 мај 1981 година, за маслодајни култури — домашно сурово масло 30 септември и за шеќерна репка — шеќер 31 октомври 1981 година;

2) од 8 месеци — за залихите на семенска пченица и семенска пченка и да не преминуваат: за пченица 31 јануари 1981, а за пченка 31 мај 1981 година;

3) од 15 месеци — за залихите на тутун и да не преминуваат 31 мај 1982 година.

Одредбата на точка 25 став 3 од оваа одлука важи и за кредитите за залихи на семенска пченица и семенска пченка од оваа точка.

28. Кредитите за кредитирање на сезонските залихи на трпезно грозје, јаболка во ладилниците, на залихите на вино од домашно производство во винарските визби на општественот сектор, на залихите на месо во ладилниците и залихите на млечни производи, банките можат да ги користат до височина од 30 % од состојбата на кредитите што за тие залихи им ги даде на организациите на здружен труд, а најмногу до 30 % од вредноста на кредитираните залихи.

Роковите за враќање на кредитите од став 1 на оваа точка, сметајќи од денот на почетокот на користењето на кредитете, не можат да бидат подолги, и тоа:

1) од 6 месеци — за залихи на трпезно грозје и јаболки во ладилниците, со тоа што да не преминуваат 30 април 1981 година;

2) од 12 месеци — за залихите на вино во винарските визби во општественот сектор, со тоа што да не преминуваат 31 октомври 1981 година;

3) од 3 месеци — за залихите на месо во ладилниците;

4) од 3 месеци — за залихите на млечни производи од домашно производство.

Корисници на кредити од оваа точка можат да бидат:

— за залихите на трпезно грозје и јаболка во ладилниците — производителските организации на здружен труд и организациите што се занимаваат со промет на тие производи на големо, за количините складирани во ладилниците;

— за залихите на вино — организациите на здружен труд што се занимаваат со производство на вино;

— за залихите на млечни производи — организациите на здружен труд што се занимаваат со преработка на млеко во млечни производи;

— за залихите на месо во ладилниците — организациите на здружен труд на кланичната индустрија.

Под залихи на вино кои можат да бидат предмет на кредитирање според одредбите на оваа точка се подразбираат залихите на вино произведено во согласност со прописите на републиките и автономните покраини.

Под залихи на млечни производи што можат да бидат предмет на кредитирање според одредбите на оваа точка се подразбираат залихите што по својот квалитет им одговараат на вообичаените стандарди.

29. Кредитите за кредитирање на општествено организираното производство и на залихите на земјоделски и прехранбени производи од точка 25 до 28 на оваа одлука, банките можат да ги користат врз основа на следните исправи, што ѝ ги доставуваат на народната банка, и тоа:

1) договорите за кредити што банката им ги дала на организациите на здружен труд, посебно за секој вид производство и гоење, односно залихи, со преглед на договорената динамика на отплатувањето на кредитите;

2) самоуправните спогодби, односно договорите за производство и испорака склучени помеѓу организациите на здружен труд од точ. 25 и 26 на оваа одлука;

3) фактурите и другите исправи или изводи од последната месечна книговодствена состојба за количината и вредноста на залихите за кои се користи кредит од точ. 27 и 28 на оваа одлука;

4) потврдите на Фондот за унапредување на производството и пласманот на добитокот и на добиточните производи или на соодветната самоуправна заедница (фонд и сл.) во републиката, односно во автономната покраина за регистрирање на

договореното гоење и испорака на добиток, односно живина, за кое се користи кредит од точка 26 на оваа одлука;

5) потврдата на Фондот за стимулирање на извозот на жито и преработки од жито за регистрирањето на договорите за производство и испорака на семенска пченица и семенска пченка по основа на кои се користат кредити од точ. 25 и 27 на оваа одлука.

Покрај исправите од став 1 на оваа точка, што ѝ ги доставуваат на народната банка, банките се должни по кредитите дадени на организациите на здружен труд да обезбедат и друга вообичаена документација од која со сигурност може да се утврди дека дадените кредити се користат наменски и дека во секое време се покриени со соодветна вредност на кредитираното производство, односно залихи на определени земјоделски и прехранбени производи.

30. Пресметката на вредноста на производството и на залихите на земјоделски и прехранбени производи, заради утврдување на височината на учеството на примарната емисија во краткорочното кредитирање на тоа производство, односно залихи според оваа одлука, ќе се врши по пропишаните гарантирани (заштитни) цени, а за производите за кои тие цени не се пропишани — според продажните цени на производителите намалени за 15%.

## Кредити за кредитирање на увозот на определени стоки од земјите во развој и од други земји на определени валутни подрачја

31. Кредитите за кредитирање на увозот на определени стоки од земјите во развој и од други земји на определени валутни подрачја (точка 13 под 3), банките можат да ги користат за кредитирање на увозот на основни суровини и на други производи што ќе ги определи Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, а врз основа на документацијата што ќе ја определи Народната банка на Југославија.

## Кредити за кредитирање на продажбата, односно купувањето на домашна опрема и бродови на кредит во Социјалистичка Федеративна Република Југославија

32. Кредитите за продажба, односно за купување на домашна опрема и бродови на кредит во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (точка 13 под 4), банките можат да ги користат, и тоа:

1) за продажба на кредит — врз основа на невтасани меници издадени во смисла на член 38 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, што банките ги имаат во својот меничен портфељ, а што од организациите на здружен труд — производители на домашна опрема, односно бродови ги купиле (есконтирале), на начинот и под условите пропишани во чл. 16 и 17 на тој закон;

2) за продажба на кредит — врз основа на договори за кредити што банките им ги дале на производствените организации на здружен труд врз подлога на невтасани меници издадени според договорите за купопродажба во смисла на член 38 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, а што тие организации ги имаат во својот портфељ;

3) за купување — врз основа на договори за кредити дадени на организациите на здружен труд — инвеститори за купување на домашна опрема, односно бродови на кредит — врз основа на договорите за купопродажба склучени почнувајќи од 2 април 1977 година, како ден на влегувањето во сила на Одлуката за мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика во 1977 година, и мениците што банката ги прибавила за обезбедување на враќањето на тие кредити.

Кредитите за продажба на домашна опрема, односно бродови на кредит од одредбата под 1 на став 1 од оваа точка банките можат да ги користат само врз основа на мениците што се издадени по договорите за купопродажба на домашна опрема, односно бродови на кредит, а што втасуваат за плаќање во рок од една година почнувајќи од денот на користењето на кредитите, и тоа во височина до 60% од износот на номиналната вредност на тие меници.

Кредитите за продажба на домашна опрема, односно бродови на кредит од одредбата под 2 на став 1 од оваа точка банките можат да ги користат во височина до 38% од износот на побарувањата по кредитите дадени на организациите на здружен труд производители што втасуваат за наплата во рок до две години, почнувајќи од денот на користењето на кредитите кај народната банка.

Кредитите за купување на домашна опрема, односно бродови од одредбата под 3 на став 1 од оваа точка банките можат да ги користат во височина до 38% од износот на побарувањата по кредитите дадени на организациите на здружен труд — инвеститори а кои втасуваат за наплата во рок од две години, почнувајќи од денот на користењето на кредитите кај народната банка.

Како продажба на кредит, во смисла на оваа точка, се смета продажбата на опрема, односно бродови на кредит чијшто рок на плаќање не е пократок од 2 години.

Како домашна опрема, односно бродови, во смисла на оваа точка, се сметаат финалните производи на организациите на здружен труд во дејностите: металопреработувачката дејност, машиноградбата, производството на сообраќајни средства, бродоградбата и производството на електрични машини и апарати наменети за инвестиции во основни средства на организациите на здружен труд (член 2 на Договорот за кредитирање на пласманот на опрема и бродови во Југославија во периодот од 1977 до 1980 година — („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/78).

Со продажбата, односно со купувањето на домашна опрема и бродови на кредит, во смисла на оваа точка, се изедначуваат плаќањата по фазите на производството на бродови и други пловни морски и речни објекти и друга опрема што се произведува по фази — до височината на вредноста на одделна завршена фаза, ако купувачот — инвеститор ја прифатил обврската за плаќање по фази и на производителот му врачил меници издадени во смисла на одредбата под 1 на став 1 од оваа точка, во височината на вредноста на завршената фаза.

## Кредити за кредитирање на пазарните стоковни резерви

33. Кредитите за кредитирање на пазарните стоковни резерви на републиките и автономните покраини и на сојузните пазарни стоковни резерви во земјоделски и прехранбени производи од домашно производство од член 56 на Договорот утврдени со програмата на надлежните органи, банките можат да ги користат до височина од 45% од состојбата на кредитите што за таа намена од својот кредитен потенцијал им ги дале на организациите на здружен труд, односно на други општествени правни лица кај кои се формираат тие резерви.

Рокот за враќање на кредитите од став 1 на оваа точка не може да биде подолг од 12 месеци, сметајќи од денот на користењето на секој поединечен износ — транша на одобрениот кредит.

Кредитите од оваа точка банките можат да ги користат врз основа на следните исправи што ѝ ги доставуваат на народната банка, и тоа:

1) договорите за кредити што банката им ги дала на организациите на здружен труд, односно на други општествени правни лица за формирањето на резерви;

2) договорите за складирање на стоковните резерви склучен помеѓу корисникот на кредитот и магационерот во кој, покрај другото, е предвидена и обврска за магационерот месечно да му дава на корисникот на кредитот податоци за состојбата на складираните производи;

3) фактурите и другите исправи со кои се докажуваат количината и вредноста на кредитираните стоковни резерви;

4) прегледот на договорената динамика за отплата на кредитот.

**Кредитирање на залихите на јаглен кај термоелектраните и кај другите големи потрошувачи на јаглен во стопанството и кај трговијата во поголемите потрошувачки центри**

34. Кредитите за кредитирање на залихите на јаглен од домашно производство (точка 13 под 6) банките можат да користат, и тоа:

1) за кредитирање на залихите на јаглен кај термоелектраните и кај другите големи потрошувачи на јаглен во стопанството кои имаат континуирана потрошувачка на јаглен во текот на годината;

2) за кредитирање на залихите на јаглен кај организациите на здружен труд во стопанството — големи потрошувачи на јаглен, кои имаат потрошувачка на јаглен од сезонски карактер во текот на годината (сезона производствени кампањи и сезонски греења);

3) за кредитирање на залихите на јаглен кај трговијата во поголемите потрошувачки центри.

35. Кредитите за кредитирање на залихите на јаглен кај термоелектраните и кај другите големи потрошувачи на јаглен во стопанството (точка 34 под 1) банките можат да ги користат до височина од 30%, а кај термоелектраните во периодот од 1 април до 30 септември до височина од 45% од состојбата на кредитите што за тие залихи им ги дале на организациите на здружен труд, а најмногу до 25% од вредноста на кредитираните залихи потребни за просечна потрошувачка до 45 дена.

Корисници на кредити од оваа точка, покрај термоелектраните, можат да бидат и други организации на здружен труд во стопанството, што имаат континуирана потрошувачка на јаглен чијашто вкупна потрошувачка во текот на годината изнесува најмалку 120.000 тони.

Роковите за враќање на кредитите од оваа точка не можат да бидат подолги од 45 дена почнувајќи од денот на нивното користење.

36. Кредитите за кредитирање на залихите на јаглен кај организациите на здружен труд во стопанството — големи потрошувачи на јаглен, кои имаат потрошувачка на јаглен од сезонски карактер во текот на годината (точка 34 под 2), банките можат да ги користат до височина од 30% од состојбата на кредитите што за тие залихи им ги дале на тие организации на здружен труд, а најмногу до 25% од вредноста на кредитираните залихи на јаглен купен во периодот од 1 април до 30 септември 1980 година.

Корисници на кредити од оваа точка можат да бидат организациите на здружен труд во стопанството чијашто вкупна годишна потрошувачка на јаглен изнесува најмалку 30.000 тони.

Роковите за враќање на кредитите од став 1 на оваа точка не можат да бидат подолги од 6 месеци почнувајќи од денот на нивното користење, и не можат да преминуваат 28 февруари 1981 година.

37. Кредитите за кредитирање на залихите на јаглен кај трговијата во големите потрошувачки центри (точка 34 под 3) банките можат да ги користат до височина од 30% од состојбата на кредитите што им ги дале за таа намена на организациите на здружен труд во трговијата што се занимаваат со промет на огревен материјал, а најмногу до 25% од вредноста на кредитираните залихи на јаглен купен од рудниците за јаглен во периодот од 1 април до 30 септември 1980 година.

Корисник на кредитот од оваа точка може да биде организација на здружен труд што се занимава со промет на огревен материјал и која годишно на крајните потрошувачи им испорачува вкупно најмалку 50.000 тони јаглен.

Роковите за враќање на кредитите од оваа точка не можат да бидат подолги од 6 месеци почнувајќи од денот на нивното користење и не можат да го преминуваат 31 јануари 1981 година.

38. Кредитите за кредитирање на залихите на јаглен од точ. 35 до 37 на оваа одлука банките можат да ги користат врз основа на следните исправи што ѝ ги доставуваат на Народната банка, и тоа:

1) договорите за кредити што банката им ги дала на организациите на здружен труд за кредитирање на определени залихи на јаглен;

2) договорите за купопродажба и за динамиката на испораките на јаглен склучен помеѓу организациите на здружен труд од точ. 35 до 37 на оваа одлука и организациите на здружен труд — производители на јаглен;

3) фактурите и другите исправи со кои се докажува количината и вредноста на кредитираните залихи на јаглен.

Покрај исправите од став 1 на оваа точка, што ѝ се доставуваат на Народната банка, банките се должни по кредитите дадени на организациите на здружен труд да обезбедат и друга вообичаена документација од која со сигурност може да се утврди дека дадените кредити се користат наменски и дека во секое време се покриени со соодветна вредност на кредитираните залихи на јаглен.

39. Пресметката на вредноста на залихите на јаглен заради утврдување на височината на учеството на примарната емисија во кредитирањето на залихите според оваа одлука, ќе се врши по набавните цени на јагленот.

## IV. УСЛОВИ ВО ВРСКА СО ДОГОВАРАЊЕТО НА КАМАТА

40 Народната банка ќе купува меници и ќе им дава кредити на банките според оваа одлука под услов банките тие меници да ги есконтирале, односно да им дале кредити на организациите на здружен труд по есконтните, односно каматните стапки предвидени со самоуправна спогодба на банките.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

41. Пресметувањето на динарската противвредност на странските средства за плаќање и на странските хартии од вредност, заради утврдување височината на учеството на примарната емисија во смисла на оваа одлука, ќе се врши со примената на соодветниот курс на странската валута што е определен со сојузен пропис за утврдување курсевите на странските валути за определување на основицата за пресметување на царината и на други давачки.

42. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 7
1 февруари 1980 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

---

## 146.

Врз основа на член 45 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК НА БАНКНОТИ ОД 10, 20 И 50 ДИНАРИ

1. Народната банка на Југославија на 10 март 1980 година ќе пушти во оптек банкноти од 10, 20 и 50 динари со обележјата што се утврдени со Одлуката за основните обележја на банкнотите од 10, 20, 50, 100, 500 и 1000 динари („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/78).

2. На банкнотите од 10, 20 и 50 динари од точка 1 на оваа одлука ќе се наоѓаат потписите на гувернерот на Народната банка на Југославија д-р Ксенте Богоев и на заменик-гувернерот Илија Марјановиќ и датумот 12. VIII 1978.

3. Банкнотите од 10 и 50 динари изработени со обележјата што се утврдени со Одлуката за измени на Одлуката за обележјата на новите банкноти и кованы пари („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/68) и со Одлуката за основните обележја на банкнотите од 10 динари, 50 динари, 100 динари и 500 динари („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/77) и банкнотата од 20 динари изработена со обележјата што се утврдени со Одлуката за основните обележја на банкнотите од 1000 динари и од 20 динари („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/75 и 20/76) и натаму остануваат во оптек како законско средство за плаќање.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 9
8 февруари 1980 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

## 147.

Врз основа на член 124 од Уставот на СФРЈ, организациите на здружен труд што се занимаваат со производство на шеќер и Сојузниот извршен совет склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ИЗМЕНА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЦЕНИТЕ ЗА ШЕЌЕР И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОМАШНИОТ ПАЗАР СО ПОТРЕБНИ КОЛИЧЕСТВА ШЕЌЕР

Член 1

Во Општествениот договор за цените за шеќер и за обезбедување на домашниот пазар со потребни количества шеќер („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/74, 37/75, 48/75, 26/76, 46/76, 3/78 и 9/79) во член 4 став 1 точка 1 бројот: „1,70" се заменува со бројот: „0,70".

Член 2

Овој општествен договор влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 септември 1979 година.

18 февруари 1980 година
Белград

За Сојузниот извршен совет
претседател на Сојузниот комитет за земјоделство,
**Милован Зидар,** с. р.

За РО Индустрија шеќера и врења ПКБ — „Димитрије Туцовиќ", ООУР „Прва фабрика шећера" — Белград,
**Милинко Радојчиќ,** с. р.

За ООУР-ПИК „Поморавље" РО Фабрика шеќера „Данило Димитријевиќ" — Ќуприја,
**Арналдо Кокуца,** с. р.

За Фабрику шеќера „Зрењанин" — Зрењанин,
**Милорад Костиќ,** с. р.

За АИК „Средња Бачка" ИПК „ЦРВЕНКА", ООУР Фабрика шеќера — Црвенка,
**Радуле Јововиќ,** с. р.

За Фабрику шеќера „Бачка" — Врбас,
**Бранко Обрадовиќ,** с. р.

За ПИК Ковин ООУР Фабрика шеќера — Ковин,
**Павле Франета,** с. р.

За Агроиндустријски комбинат „СЕНТА", ООУР Фабрика шеќера „КРИСТАЛ" — Сента,
**Недељко Братиќ,** с. р.

За ПИК „СИРМИЈУМ" Радна организација Фабрика шеќера „ШЕЌЕРАНА" — Сремска Митровица,
**Светозар Ѓуричиќ,** с. р.

За Пољопривредно-индустријски комбинат „ПЕЌ“, ООУР Фабрика шеќера у Пеќи,

**Срѓан Димиќ,** с. р.

За Индустријско-пољопривредни комбинат РО Творница шеќера и кандита ООУР Творница шеќера — Осиек,

**Божо Смољо,** с. р.

За СОУР „БЕЉЕ“, Пољопривредно-индустријски комбинат, Радна организација Творница шеќера — Бели Манастир,

**Фрањо Тормаш,** с. р.

За Пољопривредно-прехрамбени комбинат Жупања, ООУР Индустрија шеќера и врења „Борис Кидрич“ — Жупања

**Антун Рељановиќ,** с. р.

За ЗИК „ПЕЛАГОНИЈА“, ООУР Фабрика за шеќер „4 ноември“ — Битола,

**Борис Обедниковски,** с. р.

За Радна организација за прераду шеќерне репе и производњу шеќера у оснивању „Југозападна Бачка“ — Бач,

**Александар Калезиќ,** с. р.

За ПИК „ЈАКШИЌЕВО“ Фабрика шеќера у оснивању „БАНАЌАНКА“ — Нова Црња,

**Момчило Кончар,** с. р.

За Фабрика шеќера у оснивању „ЈЕДИНСТВО“ — Ковачица,

**Петрашин Оташевиќ,** с. р.

За Фабрика шеќера у оснивању „ШАЈКАШКА“ — Жабаљ,

**Ѓорѓе Ракиќ,** с. р.

За ПИК „СИРМИЈУМ“ Фабрика шеќера у оснивању „ДОЊИ СРЕМ“ — Пеќинци,

**Душан Плавшиќ,** с. р.

За Творница шеќера „Бошко Буха“ у оснивању — Вировитица,

**Зорка Красавица,** с. р.

За „Словин“ Товарна сладкорја в устанавлању — Ормож,

**Бранислава Миросављевиќ,** с. р.

За СОУР „УПИ“ РО — Фабрика шеќера у изградњи — Бијељина,

**Мирослав Марјановиќ,** с. р.

---

**148.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучија

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ НА ПЧЕНКАРНИОТ СКРОБ И НА СКРОБНИТЕ ПРЕРАБОТКИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучија и потпишаа на 7 декември 1979 година Спогодба за промена на затечените цени на пченкарниот скроб и на скробните преработки, со тоа што производителските организации на здружен труд можат своите затечени продажни цени да ги зголемат во просек за 17%, а според Ценовникот што е составен дел на оваа спогодба, и тоа така што зголемувањето на цените по одделни производи да изнесува најмногу 20%.

Цените од став 1 на оваа точка важат како продажни цени франко натоварено во превозно средство во местото на производителот и без амбалажа.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение број 5828 од 12 февруари 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Претставници на производителите: „ИПОК“ — Индустрија за преработки од пченка во состав на ИПК „Серво Михаљ“ — Зрењанин, РО Индустрија на скроб — Јабука, „Хелиос“ хемиска индустрија — Домжале и „Фиделинка“ — Суботица.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 50 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ“ бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК-СОЈУЗЕН СЕКРЕТАР ЗА ИНФОРМАЦИИ

За помошник-сојузен секретар за информации се назначува Мугбил Јакиќ, помошник-секретар на

укинатиот Секретаријат на Сојузниот извршен совет за следење на стопанските движења.

У. п. п. бр. 159/1
7 февруари 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА ИНФОРМАЦИИ

За советник на сојузниот секретар за информации се назначува Живко Милиќ, раководител на група во Сојузниот секретаријат за информации.

У. п. п. бр. 160/1
7 февруари 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА ПРАВОСУДСТВО И ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗНАТА УПРАВА

За советник на сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа се назначува Владимир Лембергер, досегашен советник на сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа.

У. п. п. бр. 163/1
7 февруари 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, одлучува да се одликуваат:

Од сојузните органи и организации

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Пешиќ Благоте Милорад;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Корљан Раде Рикард, Крајиновиќ Саве Никола, Зориќ Лазара Недељко;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Циха Имера Рецеп, Јанковиќ Ѓорѓа Милутин, Мартиновиќ Благоте Слободан, Рожман Јосипа Драгутин, Трбојевиќ Јована Никола;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Крајгер Антона Димитрије, Мајсторовиќ Петра Илија, Мујагиќ Османа Мехмед;

— за особени заслуги и значаен придонес во развивањето на соработката помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и други држави

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Косин Мирка Марко;

Од СР Босна и Херцеговина

— по повод на шеесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

РО Рудник мрког угља — Мостар;

— по повод на педесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги врз унапредувањето на

фудбалскиот спорт во својот крај и за собирање и воспитување на членовите и симпатизерите на клубот во духот на прогресивните идеи

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Фудбалски клуб „Рудар-Љубија" — Приједор;

— по повод на триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Радна организација Ауто-транспортно предузеће „Шпедиција" — Бугојно;

— по повод на триесетгодишнината од постоењето, а за успеси постигнати во работата на развивањето на меѓународниот јазик и за придонес на запознавањето и зближувањето на народите и народностите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со народите на другите земји

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Савез за есперанто Босне и Херцеговине — Сарајево;

— по повод на шеесетгодишнината од животот, а за долгогодишна револуционерна работа и особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на земјата, како и за придонес на развојот на социјалистичкото самоуправно општество

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Олбина Ђорђа Дане;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Финци Мојсија Мони, Ивановић Тоше Бојо, Комленић Остоје Симо, Папо Габријела Роза;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Диздаревић Шефкије Решад, Јурошевић Ранка Рајко, Кецман Пере Милош, Поповић Милана Милорад, Врховац Душана Милица;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бегташевић Лутва Нијаз, Грбић Николе Душан;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бабић, Вида Миле, Цинквић Благоја Гојко Инђић Илије Илија, Јовић Душана Миливоје, Јурошевић Обрена Саво, Кецман Милана Драго, Кукрић Дмитра Симо, Малбашић Јандрије Бранко, Матић Миле Мићо, Мичевић Радомира Зора, Ступар Николе Милан, Тривковић Томе Ристо, Вукотић Боже Радо;

Од СР Црна Гора

— по повод на четириесет и петгодишнината на литературното творештво и долгодишната револуционерна работа, а за извонредни литературни дела што ја збогатија културната ризница на југословенските народи, како и за значаен придонес кон социјалистичкиот развиток и зацврстување на слободата и независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Лалић Тодора Михаило;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Чагоровић Ђура Вучић, Стојановић Николе Слободан;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНАЦ

Бановић Илије Андрија, Дурутовић Којадина Светозар, Илић Радоша Војислав, Перовић Јована Милан, Петровић Исака Радоје, Радовић Михајла др Миљан;

Од СР Хрватска

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Корен Ивана Стјепан, Палчок Ижака Зоран, Седмак Антуна Виктор;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Дупало-Марковић Стеве Љубица, Радуловић-Војводић Симе Зорка;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значења за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Радуловиќ Петра Никола;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бачани Антуна Милан, Цветојевиќ Обрада Стојан, Грахек Ивана Алојз, Козловиќ Томе Гојко, Мајсторовиќ-Дивјак Луке Смиља, Почуча-Обрадовиќ Павла Десанка, Продановиќ Стојана Мирко, Таталовиќ Тодора Илија, Здуниќ Лавослава Фрањо;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Седмак Антуна Виктор;

— за покажана лична храброст во борбата против непријателот за ослободување на земјата

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Дупало-Марковиќ Стеве Љубица, Мајсторовиќ-Дивљак Луке Смиља, Седмак Антуна Виктор;

Од СР Македонија

— по повод на педесетгодишнината на движењето за есперанто во Македонија, а за успеси постигнати во работата на развивањето на меѓународниот јазик и за придонес кон запознавањето и зближувањето на народите и народностите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со народите на другите земји

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Сојуз на есперантистите на Македонија — Скопје;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Чопова Андон Лика;

Од СР Словенија

— по повод на педесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Индустрија памучних производа — Крањ;

— по повод на триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Хемијска индустрија „Иплас“ — Копар;

— за заслуги на унапредувањето на фудбалскиот спорт во својот крај и за присобирање и воспитување на членството и симпатизерите на клубот во духот на прогресивните идеи

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Фудбалски клуб „Шмартно“ — Шмартно об Паки;

— по повод на седумдесетгодишнината од животот, а за долгодишна револуционерна работа и извонредни заслуги во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за развивањето и јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на нашата земја, како и за значаен придонес кон нејзината политика на мирот и пријателската соработка со другите држави

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Кидрич Макса Зденка;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Јапељ Уршуле Јанез, Мајер Валерија др Борис, Вратанар Антона Антон;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Бенигер Августа др Јоже, Кебер Антонија Станислав, Кнез Антона Рихард, Омахен Франца Ловро, Шкерл Франца др Франце, Томц Јанеза Иван, Времец Антона Вид;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Гобец Драготина Радован, Зупанчич Матије Виктор;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Ерјавец-Когој Антона Даринка, Фаганели-Томшич Франца Рези, Фајдига Франца Гвидон,

Горенц Франца Франц, Јанежич Антона др Франц, Мајник Антона Марија, Маринчек Франа др Милош, Смрекар Игнаца Ладислав, Струна Ивана Алберт, Шибеник Ивана Албин, Веховар Михе Милош;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Домитрович Винка др Винко, Гарач Срдана Павле, Хладник Леополда др Полде, Јакопин Јожета Борис, Келвишар Франца Франц, Микец Јоже Август, Миклич Игнаца Игнац, Можина Јанка Иван, Повше Јоже Август, Штампар Томажа Роберт, Шубиц-Липовец Јанеза Минка;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Филипич Франца Франц, Кастелиц Јожета Јоже;

— за покажана лична храброст во борбата против непријателот за ослободувањето на земјата

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Фаганели-Томшич Франца Рези;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Стрежек Франца Јоже;

Од СР Србија

— по повод на триесетгодишнината од постоењето, а за извонредни заслуги и постигнати успеси во подигањето на стручни и научни кадри, како и за значаен придонес во социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Грађевински факултет Универзитета у Београду;

— по повод на триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во подигањето на стручни и научни кадри, со што е направен значаен придонес во областа на културниот и стопанскиот развој на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Факултет примењених уметности — Београд;

— по повод на триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и придонес во омасовувањето на стрелечкиот спорт и постигнати успеси на домашни и меѓународни натпреварувања

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Стрељачки савез Србије — Београд;

— по повод на дваесет и петгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во развивањето на музичко-забавниот живот, со што е направен значаен придонес на подигањето на музичката култура на младите и ширење на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Музичка омладина Србије — Београд;

— по повод на триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Грађевинска радна организација „Јастребац" — Крушевац,
Грађевинска радна организација „Златибор" — Титово Ужице;

— по повод на дваесет и петгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

Радна организација „Атекс Београд" — Београд;

— за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

„Водотерма" — Београд;

— по повод на четириесетгодишнината од постоењето, а за заслуги на унапредувањето на фудбалскиот спорт во својот крај и за присобирање и воспитување на членството и симпатизерите на клубот во духот на прогресивните идеи

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Фудбалски клуб „Раднички" — Свилајнац;

— за долгогодишна работа и заслуги во спасувањето на човечки животи, општествен и личен имот, со што е направен значаен придонес на социјалистичката заедница

Индустријско добровољно ватрогасно друштво ИХП „Прва петолетка" — Трстеник;

— по повод на триесетгодишнината од постоењето, а за заслуги во развивањето и омасовувањето на кошаркарскиот спорт и постигнати успеси на натпреварувањата

Кошаркашки клуб „Слога" — Краљево

— за заслуги и успеси во развивањето на планинарскиот и смучарскиот спорт и негување на традициите на Народноослободителната борба

Планинарско смучарско друштво- „Железничар" — Белград;

— по повод на триесетгодишнината од постоењето, а за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Радна организација „Сретен Гудурић" — Титово Ужице;

— за долгогодишна револуционерна работа и извонредни заслуги во организирањето на изградбата на социјалистичкото самоуправно општество, како и за значаен придонес кон општиот развиток на земјата и зацврстување на слободата и независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Марковиќ Милорада Мома;

— по повод на шеесет и петгодишнината од животот и долгогодишната револуционерна работа, а за извонредни заслуги во изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и зацврстување на слободата и независноста на нашата земја, развојот и афирмацијата на мирољубивата и неврзаната надворешна политика на Социјалистичка федеративна Република Југославија

Миниќ Драгомира Милош;

— по повод на шеесетгодишнината од животот, а за извонредни заслуги во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за развивање и јакнење на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на нашата земја, како и за значаен придонес кон нејзината политика на мирот и пријателската соработка со другите држави

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Швабиќ Драгомира Михаило;

— по повод на шеесетгодишнината од животот, а за долгогодишна револуционерна работа и особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на земјата, како и за придонес кон развојот на социјалистичкото самоуправно општество.

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Бојаниќ Марка Владан;

— по повод на седумдесетгодишнината на животот, а за долгогодишна револуционерна работа и особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на земјата, како и за придонес на развојот на социјалистичкото самоуправно општество

Цветковиќ Живомира Витомир, Ђорђевиќ Марка Живадин — Жива;

— по повод на осумдесетгодишнината на животот, а за долгогодишна револуционерна работа и особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на земјата, како и за придонес кон развојот на социјалистичкото самоуправно општество.

Недељковиќ Милана др Душан;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата.

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Андрејевиќ Владимира Србислав, Лазаревиќ Михајла Ђорђе;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Ковач-Гостовиќ Петра Недељка, Кривошија Стеве Душан, Миланковиќ Ђуре Бранко, Милосављевиќ Лазара Миодраг, Ненак-Кошпиќ Павла Јованка, Тројановиќ Симе Мијат;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Беговиќ-Кљајиќ Јована Ана, Буќан Јоце Адам, Ђуиќ Милоша Стево, Димитријевиќ Милана Стеван, Јелчиќ Станише Миле, Копања Стевана Бошко, Мерељ Новака Драган, Милошевиќ Вељка Паја, Орлиќ Николе Дане, Паовиќ Николе Јован, Ратковиќ Блажа Велимир, Саватиќ Цвије Ђуро, Савичевиќ-Јелушиќ Олга, Топузовиќ Анте Драган, Војновиќ Лазе Марко, Вујчиќ Стевана Миливоје, Жакула Милана Јово,

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Арсенијевиќ Војислава Богосав, Баста Саве Милан, Богуновиќ Душана др Владимир, Бошњак Стоје Милош, Бурсаќ Јована Лазар, Даниќ Марка Благоје, Даутовиќ Дмитра Јово, Ѓекиќ Радивоја Рајица, Јелиновиќ Обрада Илија, Јовановиќ Велимира др Миодраг, Јовановиќ Светомира Живорад, Кнежевиќ Ђуре Јован, Ковачевиќ Новице Радомир, Крстиќ Шпире Драго, Лулиќ Ђорђа Ђоко, Никезиќ Петра Душан, Пауновиќ Добривоја Станко, Рашуо Дане Милош, Совиљ Миле Петар, Тасиќ Смиљке Митар, Томиќ Душана Драган, Врањеш Јована Миле;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Јевтиќ Милорада Владан, Костиќ Светозара Јездимир, Костиќ Стојана Станко, Марковиќ Николе Мирослав, Митровиќ-Шкориќ Миле Зорка, Мрѓа Тривуна Никола, Недиќ Живојина Радош, Николиќ Јагоша Михајло, Пауновиќ Станислава Милош, Пејовиќ Јована Љубо, Петровиќ Љутомира Андра, Верчон Јосипа Милан;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Ќетковиќ Ђоке Вукота, Котлар-Бојовиќ Милије Горица, Миленковиќ Симе Доста, Николиќ Михајла Миливоје;

— за покажана лична храброст во борбата против непријателот за ослободување на земјата

СО ОРДЕН НА ХРАБРОСТ

Миленковиќ Симе Доста, Митровиќ-Шкориќ Миле Зорка, Топузовиќ Анте Драган;

Од САП Војводина

— за долгогодишна работа и особени заслуги во заштитата и спасувањето на човечки животи, општествен и личен имот, со што е направен значаен придонес на социјалистичката заедница

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Доброволно ватрогасно друштво — Сента;

— по повод на шеесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во развивањето на културно-просветната и забавната дејност во својата средина и придонес кон ширењето на братството и единството

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Хрватско културно-просветно друштво „Матија Губец“ — Рума:

— по повод на триесетгодишнината на работата, а за заслуги и успеси постигнати во развивањето на хуманитарните активности и ширењето на здравствена култура на граѓаните

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Општинска организација Црвеног крста — Сечањ:

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Владисављевиќ Кузмана Предраг;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Сениќ Андрије Владимир, Вањец Саве Василије;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Релиќ Драгољуба Живко.

Бр. 52
4 мај 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА:

Страна

126. Одлука за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и паричната политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година 265
127. Одлука за утврдување на електраните, топланите и енерганите на течни горива на кои не се однесува Законот за привремена забрана на користење општествени средства за финансирање на изградбата на нови електрани, топлани и енергани на течни горива — — — — 267
128. Одлука за определување на максималните цени за вештачки ѓубриња — — — 267
129. Одлука за определување максимални цени за шеќер и меласа — — — — — 267
130. Решение за определување постојан граничен премин Нова Горица 1 за пограничен друмски сообраќај — — — — 268
131. Правилник за утврдување и искажување на износот до кој можат организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства да располагаат со општествени средства во 1980 година за исплатување на определени издатоци — 268
132. Правилник за хигиенската исправност на водата што служи за јавно снабдување на населението како вода за пиење или за производство на животни намирници наменети за продажба — — — — 271
133. Правилник за дополнение на Правилникот за југословенските стандарди за огноотпорен материјал — — — — — — 272
134. Правилник за југословенските стандарди за прекинувачи за наизменична струја со висок напон — — — — — — 272
135. Правилник за југословенскиот стандард за методите за испитување на самолепливи изолациони ленти — — — — 273
136. Правилник за југословенскиот стандард за методите за испитување на електролитичка корозија — — — — — 273
137. Правилник за југословенскиот стандард за методите за испитување на магнетски лимови — — — — — — — — — — 273
138. Правилник за југословенските стандарди за самоносив кабелски сноп и рударски кабли — — — — — — — — 274
139. Правилник за југословенските стандарди за термоенергетски уреди и садови под притисок — — — — — — — — 274
140. Правилник за југословенските стандарди за методите за испитување на уреди за греење и проветрување — — — — 275
141. Правилник за југословенските стандарди за резервоари за складирање на нафтата и нафтените деривати — — — — — 275
142. Правилник за југословенскиот стандард за лежишта и зглобови кај носечките челични конструкции — — — — — 276
143. Правилник за југословенските стандарди за носечки челични конструкции — — 276
144. Правилник за техничките нормативи за мостови на друмски ваги — — — — 276
145. Одлука за мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика во 1980 година — — — — — — — — — — 2[illegible]
146. Одлука за пуштање во оптек на банкноти од 10, 20 и 50 динари — — — — 2[illegible]
147. Општествен договор за измена на Општествениот договор за цените за шеќер и за обезбедување на домашниот пазар со потребни количества шеќер — — — — 2[illegible]
148. Спогодба за промена на затечените цени на пченкарниот скроб и на скробните преработки — — — — — — — — 2[illegible]
Назначувања и разрешувања — — — — 2[illegible]
Одликувања — — — — — — — — — — 2[illegible]

**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.**